АЕК

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
# НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
# ЗА 2026

Кеј Димитар Влахов бр. 21 1000 Скопје



вовед ..... 4

предмет на Законот ..... 5

цели на законот и регулаторни начела ..... 5

јавни електронски комуникациски мрежи и услуги ..... 7

универзална услуга ..... 11

регулатива ..... 12

управување со радиофреквенцискиот спектар ..... 14

контрола и мониторинг на радиофреквенции ..... 19

заштита на правата на крајните корисници ..... 25

безбедност на мрежи и информации ..... 27

веб портали на АЕК ..... 29

надградба и тековно одржување на постојните ИКТ системи во АЕК ..... 31

стручен надзор ..... 32

соработка со други државни органи и тела ..... 33

транспарентност и влијание на јавноста ..... 34

човечки ресурси ..... 34

меѓународна соработка ..... 37

внатрешна ревизија ..... 39

финансии и сметководство ..... 42

правни работи ..... 52

MKD-CIRT ..... 53

поддршка на активностите на аек ..... 55

јавни набавки ..... 56

заклучок ..... 57

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ ЗА 2026

## ВОВЕД

Технолошкиот развој и развојот на пазарот за електронски комуникации, а со цел постигнување на единствен европски информатички простор и сеопфатно информатичко општество беа едни од основните причини за во 2009 да се направат измени во регулаторната рамка за електронски комуникации на Европската унија од 2002. Така, Европскиот парламент и Советот на Европската Унија на 25 ноември 2009 донесоа две директиви и тоа: Директива 2009/140/ЕС и Директива 2009/136/ЕС, со кои се извршија измени и дополнувања на: Рамковна директива (Framework Directive 2002/21/EC); Директива за пристап (Access Directive 2002/19/EC), Директива за авторизација (Authorisation Directive 2002/20/EC); Директива за универзална услуга (Universal Service Directive 2002/22/EC) и Директива за приватност (ePrivacy Directive 2002/58/EC).

Законот за електронските комуникации (ЗЕК) донесен во 2005 со сите свои измени и дополнувања ("Службен весник на Република Македонија" број: 13/2005, 14/2007, 55/2007, 98/2008, 83/2010, 13/2012, 59/2012, 123/2012, 23/2013) беше целосно усогласен со пакетот на директиви за електронски комуникации на Европската Унија од 2002. Со оглед на фактот што Европската Унија во 2009 донесе нов пакет на директиви за електронски комуникации произлезе потреба од усогласување на македонското законодавство со истите. Македонија како земја со кандидатски статус за членство во Европската Унија има обврска да го усогласува националното законодавство со корпусот правни акти на Европската Унија т. н. Acquis. Постоечкиот ЗЕК е донесен како усогласен со пакетот на Директиви за електронски комуниации на ЕУ од 2009 и е објавен во Службен весник на Република Македонија број 39 од 25/02/2014, а стапи на сила на 06/03/2014.

Имајќи го предвид претходното, повеќе од јасно е дека новата законска рамка за електронските комуникации треба да биде конвергентна, односно усогласена со медиумската законска рамка, заштитата на конкуренцијата, градењето, заштитата на личните податоци, заштитата на правата на потрошувачите, следењето на комуникациите, информациската безбедност и другите правни прописи кои посредно или непосредно влијаат врз развојот на електронските комуникации.

## ПРЕДМЕТ НА ЗАКОНОТ

Предмет на ЗЕК (Службен весник на Република Македонија број 39 од 25/02/2014) е да се уредат условите и начинот за обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и јавни електронски комуникациски услуги со цел да се обезбеди поттикнување на развојот на јавните електронски комуникациски мрежи и услуги, поттикнување на користење и развој на широкопојасен пристап до услуги, заштита на правата на корисниците, вклучувајќи ги и крајните корисници со посебни социјални потреби, обезбедување на универзална услуга, ефикасно користење на радиофреквенцискиот спектар и нумерацијата, унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски комуникациски мрежи со воведување на нови технологии и услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи и обезбедување доверливост на комуникациите.

Активностите на Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) произлегуваат од нејзините надлежности утврдени во новиот ЗЕК и прописите донесени врз основа на него, како и меѓународните договори од областа на електронските комуникации што ги склучила или на кои им пристапила Македонија.

## ЦЕЛИ НА ЗАКОНОТ И РЕГУЛАТОРНИ НАЧЕЛА

Целите на ЗЕК се:

- Да поттикнуваат конкуренција во обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи како и јавни електронски комуникациски услуги и придружни средства и услуги;
- Гарантирање дека крајните корисници, вклучувајки ги и лицата со инвалидитет , старите лица и лицата со посебни потреби, добиваат максимална корист што се однесува до изборот, цената и квалитетот на услугите од операторите;
- Гарантирање дека не постои нарушување или ограничување на конкуренцијата на пазарот за електронски комуниикации, вклучително и во преносот на програмски содржини;
- Поттикнување на ефикасно користење и обезбедување ефективно управување со радиофреквенциите, броевите и/или серии на броеви.

Промовирањето на интересите на граѓаните од страна на АЕК се врши особено на начин што ќе се обезбеди пристап до универзалните услуги за секој граѓанин, обезбедување на високо ниво на заштита на правата на потрошувачите во односите со операторите, особено преку обезбедување на едноставна и ефикасна постапка за решавање на спорови, нивна заштита на лични податоци, приватност и транспарентност на цени и услови за користење на јавни електронски услуги, задоволување на потребите на разни социјални групи, особено на лица со инвалидитет, стари лица и лица со посебни социјални потреби, обезбедување дека се одржува интегритетот и безбедноста на јавните електронски комуникациски мрежи, овозможување крајните корисници да

остварат пристап и да дистрибуираат информации или да користат апликации и услуги по сопствен избор.

АЕК допринесува за развојот на Европскиот пазар и тоа особено на следните начини:

- отстранување на сите преостанати препреки за обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и јавни електронски комуникациски услуги и придружни средства и услуги на европско ниво;
- потикнување на поставување и развој на трансевропски мрежи и интероперабилност на пан-европски услуги, како и меѓусебно поврзување на крајните корисници, и
- меѓусебна соработка, соработка со Комисијата на Европската Унија и со BEREC.

АЕК заради остварување на погоренаведените цели е должна да ги применува регулаторните начела за објективност, транспарентност, недискриминација и пропорционалност, и тоа особено преку:

- промовирање на регулаторна предвидливост со обезбедување на доследен регулаторен пристап во соодветни периоди на проверка;
- обезбедување дека, во слични околности, нема дискриминација во третманот на операторите;
- заштита на конкуренцијата во корист на потрошувачите и промовирање, доколку е соодветно, конкуренција заснована на инфраструктура;
- промовирање на ефикасни инвестиции и иновации во нови и современи инфраструктури, меѓу другото и со обезбедување дека обврската за пристап соодветно го зема предвид ризикот на кој се изложуваат операторите кои инвестираат, со тоа што дозволува различни кооперативни спогодби меѓу инвеститорите и заинтересираните страни кои бараат пристап со цел да се видоизмени ризикот од инвестиции, а притоа обезбедувајќи дека конкуренцијата на пазарот и начелото за недискриминација се зачувани;
- земање предвид на разновидноста на условите кои се однесуваат на конкуренцијата и потрошувачите кои постојат во различните географски области во рамките на Република Македонија и
- наметнување на претходни регулаторни обврски само доколку нема ефикасна и одржлива конкуренција и повлекување на истите доколку се утврди постоење на ефикасна и одржлива конкуренција.

Во насока на обезбедување на транспарентноста во работењето на АЕК, согласно одредбите од член 13 од ЗЕК, Предлог годишната програмата за работа за 2025 ќе биде ставена на јавна расправа на веб страната на АЕК, а со цел да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови и да дадат предлози и коментари со што ќе можат да учествуваат во изработката на Годишната програма за работа за 2025.

АЕК во својата работа, заради унапредување и развој на пазарот на електронските комуникации во Македонија, ги има предвид препораките на Европската Комисија и најдобрите светски практики.

Активностите на стручната служба на АЕК во 2026 ќе бидат следниве :

## ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И УСЛУГИ

Во текот на 2026 АЕК ќе ги извршува тековните обврски кои што се предвидени согласно ЗЕК како што се:

- Нотификација на оператори,
- Доделување на броеви и серии на броеви на оператори,
- Давање мислења при постапката на изготвување и донесување на документи за просторно уредување,
- Давање согласност на основниот проект за градба на јавна електронска комуникациска мрежа (ЈЕКМ) и придружни средства,
- Контролира и мерње параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги, во фиксна и мобилна мрежа.
- Контрола на податоците за ТК инфраструктура кои ги внесуваат Операторите на ЈЕКМ.
- Контрола и известување за непланирани и планирани прекини на услугите кои Операторите во фиксна мрежа ги овозможуваат и даваат на своите корисници;
- Контрола и следење на Терминалната телекомуникациска опрема која Операторите ја имаат во своите мобилни мрежи (мобилните телефонски апарати);

За да ги оствари регулаторните цели и начела АЕК согласно член 8 од ЗЕК има надлежност да ги контролира и мери параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги. АЕК поседува систем за мерење на параметрите на квалитетот на широкопојасен пристап на интернет во фиксни мрежи и мрежна неутралност, со цел крајните корисници на оваа услуга да бидат информирани за квалитетот на услугата која сакаат да ја користат. Мерењето може да се врши на линкот https://nettest.aek.mk/nettest. Овој систем овозможува и изготвување на Извештаи за видот на услугите кои Операторите на ЈЕКМ ги обезбедуваат. Овој систем овозможува корисниците на интернет да добијат моментална информација за квалитетот на услугата што ја користат. Системот овозможува анонимно споделување на овие информации со останатите корисници во Македонија. Исто така овој систем обезбедува јавно достапни информации за квалитетот на мрежите на операторите во Македонија.

Согласно ЗЕК, АЕК го подготвува и донесува Планот на нумерација со цел да обезбеди ефикасно структуирање и користење на броевите и сериите на броеви од страна на операторите и давателите на јавни електронски комуникациски услуги, како и да обезбеди доделување на броеви и серии на броеви на праведен и недискриминаторски начин. АЕК има обврска на својата веб страница да ги објавува податоците за доделените броеви и серии на броеви, како и податоците за имателите на броеви и серии на броеви. На полето на нумерацијата, АЕК во 2026 ги планира следните активности:

- Обработка на барања и издавање на решенија за доделување и одземање на броеви и серии на броеви од Планот за нумерација за јавните електронски комуникациски мрежи и услуги во Република Македонија;
- Обработка на извештаи за ефикасно користење на доделените броеви и серии на броеви;
- Следење на имплементацијата на преносливост на броевите што треба да ја обезбедат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги;
- Следење на Централната база на пренесени броеви и изготвување на компаративни прегледи и извештаи за пренесените броеви;
- Меѓународна координација на доделени меѓународни кодови за сигнализација во ITU;
- Водење на регистар на доделени броеви и/или серија на броеви и негова објава на WEB;
- Спроведување на надзор како континуирана активност согласно ЗЕК во делот за управување на нумерациски ресурси;
- Редовен надзор на активностите на операторите во врска со користењето на нумерациските ресурси и преносливоста на броевите согласно ЗЕК и прописите донесени врз основа на него со цел:
    - ефикасно искористување на нумерациските ресурси,
    - проверка на структурата, намената и должината на броевите согласно решенијата за доделба и согласно планот за нумерација,
    - нумерациски ресурси кои идентификуваат мрежни завршни точки на јавни електронски комуникациски мрежи во Република Македонија,
    - да се почитуваат роковите за преносливост на броеви дефинирани согласно правилникот,
- Тестирање на модулот за нумерација во IIS системот. По завршување на имплементацијата и прием на системот од страна на АЕК ќе се направи презентација на модулот за да се запознаат операторите со функционалностите  на системот и начинот на кој треба да го користат системот при поднесување на барања поврзани со управување со нумерациските ресурси.

АЕК преку веб страницата https://e-agencija.aek.mk/AEK-ETI обезбедува единствена точка за информации со цел заинтересираните страни, покрај другото, да добијат минимални информации, во однос на планираната изградба на јавна електронска комуникациска мрежа и средства и на постоечката физичка инфраструктура и тоа: Податоци за видот, основните технички карактеристики и хоризонталната и вертикалната поставеност на подземните и надземните инфраструктурни објекти и придружната инсталација, како и податоци за субјектите кои управуваат со истите.

Тимот во Секторот за телекомуникации е задолжен да дава иницијативи и предлози за измена на прописите од областа на телекомуникациите заради хармонизација со регулативата на Европската унија; во текот на целата година.

Го организира и следи приемот на нотификациите и издавањето на потврда за регистрација на оператори и/или даватели на електронски комуникациски услуги во текот на целата година. Согласно член 60 од ЗЕК, пред започнување со обезбедување

на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги се доставува нотификација до АЕК.Врз основа на нотификацијата, операторот има право да обезбедува јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги, односно да гради, работи и управува со јавна електронска комуникациска мрежа или да овозможи достапност на истата, согласно ЗЕК.Нотификацијата содржи податоци кои на АЕК ќе и овозможат водење на службена евиденција за операторите, како и вршење на надзор. Нотификацијата содржи: име и адреса на операторот; краток опис на јавните комуникациски мрежи и/или услуги и начинот на нивната физичка изведба, и датум на започнување со обезбедувањето на јавните електронски комуникациски мрежи и/или услуги.

Согласно член 35 став 2 од ЗЕК, Секторот за телекомуникации врши редовен надзор над оператори и други правни и физички лица кои вршат активности на обезбедување на електронски комуникации, во согласност со овој закон, прописите донесени врз основа на него, обврските наметнати од нејзина страна како што се потврдата за извршена регистација. Редовниот надзор се врши еднаш годишно и за истиот се изготвува Извештај за извршен редовен надзор во слободна форма.

Исто така Секторот за телекомуникации ава мислења и предлози во врска со параметрите за квалитет на електронските комуникациски услуги, за развој на конкуренцијата во телекомуникацискиот сектор во текот на целата година.

Во текот на 2026 планирани се следниве активности:

| Ред. бр. | Активност | Опис на активноста | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| 1 | Обработка на новопристигнати нотификации, согласно член 60 од Законот за електронските комуникации | Континуирана активност согласно ЗЕК | Q1 до Q4/2026 |
| 2 | РЕДОВЕН НАДЗОР: Прием и обработка на доставените информации за промена на податоците наведени во потврдата за регистрација издадена од АЕК | Операторите се должни еднаш годишно да спроведат ревизија на доставените податоци во нотификацијата, со цел да се потврди за истите, единствено во случај доколку има промена. Резултатите од спроведената ревизија ги доставуваат до АЕК до крајот на мај во тековната година, за претходната година. | Q1 и Q2 / 2026 |
| 3 | Прием и обработка на доставените информации за обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежии услуги на операторот | Воспоставување на контакт со новорегистрираните оператори за доставување на податоци поврзани со обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и услуги и испомош на останатите сектори при | Q1 до Q4/2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | добивање на потребната информација | |
| 4 | Барање за извршување на вонреден инспекциски надзор во случај на неусогласеност | Континуирана активност согласно ЗЕК | Q1 до Q4/2026 |
| 5 | Обработка на извештаи за квалитет на минималниот пакет на изнајмени линии; Обработка на извештаи за квалитет на јавни говорни услуги; Обработка на извештаи за квалитет на терминирани и преносни сегменти на изнајмени линии; Обработка на извештаи за квалитет на разврзан пристап на локална јамка (LLU) | Континуирана активност согласно ЗЕК | Q1 до Q4/2026 |
| 5 | Барање за достава на потребни дополнителни информации | Континуирана активност согласно ЗЕК | Q1 до Q4/2026 |

Во текот на 2024 се оспособи и се пушти во работа Системот за приказ на информации во делот на широкопојасен интернсет со мапи на покриеност (broadband system). Имајќи го тоа предвид во 2026 ќе бидат изготвувани соодветни Извештаи на покриеност на територијата на Македонија со брз, супербрз и ултра брз интернет, како и местата каде нема никаква покриеност со интернети останати видови на зони.

WEB ГИС апликацијата за доставување на податоци за новоизградена електронска комуникациска мрежа и придружни средства претставува информациски систем кој ќе овозможува собирање, поддршка на потврдените податоци т.е. потврдувањето, зачувувањето и управувањето со податоците за новоизградена електронска комуникациска мрежа и придружни средства и истиот е во функција на постоечката ГИС платформа на АЕК е интегриран со постоечките ГИС системи – Систем за електронски регистар на јавни ТК мрежи и Единствената точка за информации. Корисници на системот се: Вработените од АЕК, операторите на јавни комуникациски мрежи, општините во Македонија, проектански бироа за изработка на урбанистичко планска документација, министерства, приватни геодетски фирми, Агенцијата за катастар на недвижности.

Дополнително АЕК овозможи во 2024 алатка за пресметка на уделот на домаќинства во вкупниот број на домаќинства кои што имаат можност да се приклучат на широкопјасен пристап до итнернет, вклучително и на мрежи од следните генерации, како и други поволности кои ги нуди ГИС апликациите. За таа цел во 2025 АЕК започна со реализација на Систем за имплементација и проширување на собирање на податоци за ТК инфраструктура на Операторите на ЈЕКМ и услуги во делот на широкопојасен интернет и исполнување на Дигиталната агенда, со што работата во таа насока ќе продолжи и во 2026.

# УНИВЕРЗАЛНА УСЛУГА

Од 2022 во важност се новите договори со давателите на универзална услуга. АЕК ќе го следи спроведувањето на тие договори кои ќе бидат со важност во следните 5 години до 2027. Како резултат на постапката која се спроведе во 2021 согласно потпишаните договори се обезбедуваат следниве услуги како дел од услугите опфатени со универзалната услуга:

- Поврзување на краен корисник на фиксна локација со јавна комуникациска мрежа;
- Обезбедување на целосен телефонски именик и целосна телефонска служба за информации;
- Обезбедување на јавни телефонски говорници или други јавни пристапни точки за обезбедување на говорни телефонски услуги.

Во рамките на овој договор, давателот на универзлана услуга за поврзување на краен корисник на фиксна локација со јавна комуникациска мрежа треба да обезбеди пристап до интернет со брзина од 12 Mbps по прифатливи цени за сите домаќинства кои што досега немаа можност да се поврзат на интернет со некоја од достапните технологии. Станува збор за домаќинства во оддалечени локации за кои што операторите немаа комерцијален интерес да инвестираат и да обезбедат пристап и пренос на податоци за да се обезбеди ефикасен пристап до интернет. Овие домаќинства имаат можност да се поврзат на интернет преку некоја фикасна или мобилна технологија во зависност од пристапноста и конфигурацијата на теренот. Овој оператор обезбедува пристап и терминална опрема за пренос на податоци со брзина доволна да се обезбеди ефикасен пристап на интернет од 12 Mbps и за учениците со посебни образовни потреби во редовните и посебните основни и средни училишта, во согласност со законите за основното и средното образование во Македонија. Со ваквите обврски кои што ги обезбедува давателот на универзална услуга, ќе се намали дигиталниот јаз помеѓу корисниците кои што имаа можност да пристапат до интернет и оние кои што досега немаа таква можност.

АЕК раководи и управува со средствата на Компензацискиот фонд за универзална услуга и врши наплата на средствата во фондот од операторите што обезбедуваат јавни електронски комуникациски услуги, како и исплата на средства од фондот за покривање на реалните трошоци што ги има давателот на универзална услуга при обезбедувањето на универзалната услуга.

Во текот на 2026 АЕК ќе спроведе тендерската постапка во согласност со Законот за електронските комуникации за определување на нов давател на универзална услуга за периодот 2027-2032.

# РЕГУЛАТИВА

Активностите во врска со спроведувањето на ЗЕК во делот на анализа на пазарот на електронските комуникации, се тесно поврзани со стратешките функции на АЕК како институција и се неопходни за нејзиниот развој. За нивно исполнување во 2026 ќе се спроведат следните планирани активности:

## 1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АНАЛИЗА НА ПАЗАРИТЕ

| Р. бр. | Активност | Временска рамка |
|---|---|---|
| 1. | Анализа за пазар за услуга за завршување на повик во јавни мобилни електронски мрежи | Q1- Q4 |
| 2. | Анализа на пазар за услуга за завршување на повик во јавни фиксни електронски мрежи | Q1- Q4 |
| 3. | Активно учество и имплементација на мерките предвидени во Документот за намалување на трошоците за услугите во роаминг во земјите од Западен Балкан и ЕУ | Q1- Q4 |
| 4. | Прибирање и обработка на податоци за роаминг во Западен Балкан | Q1- Q4 |
| 5. | Изработка на Извештајот за состојбата со роамингот во земјите од Западен Балкан во соработка со РЦЦ | Q1- Q4 |
| 6. | Изработка на Извештајот за состојбата со роамингот во земјите од Западен Балкан во соработка со BEREC | Q1- Q4 |
| 7. | Универзална услуга | Q1 – Q4 |
| 8. | Усогласување на законската и подзаконската регулатица со роаминг регулативите (РЛАХ- RLAH- Roam Like At Home) | Q1 – Q4 |

## 2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РЕГУЛАТОРНИ ОБВРСКИ

| Р. бр. | Активност | Временска рамка | Причини за оваа активност |
|---|---|---|---|
| 1. | Контрола на цени за интерконек | Q1 – Q4 | На операторите со значителна пазарна моќ на релевантните пазари АЕК може да им наметне обврски во врска со повраток на трошоците и контрола на цени |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ција и/или пристап | | вклучувајќи и обврски за цени базирани на трошоци. Операторот на кого му е наменета обврската за цени ориентирани на трошоци, го сноси товарот на докажување дека цените на неговите услуги произлегуваат од трошоците и дека истите вклучуваат разумна стапка на поврат на инвестициите. При одобрување на референтната понуда на операторите со значителна пазарна моќ, АЕК ќе побара од истите да обезбедат целосна оправданост на цените на големопродажните услуги, односно дали истите се во согласност со ЗЕК, релевантните правилници и трошковни методологии кои се разработени од страна на АЕК |
| 2. | Усогласување на законската и подзаконската регулатива со роаминг регулативите (РЛАХ-RLAH-Roam Like At Home) | Q1 – Q4 | Во согласност за Иницијативата на Европската Комисија за укинување на роаминг трошоците со земјите од ЕУ, како дел од планот за раст на ЕУ со земјите од Западен Балкан потребно е да се направи усогласување на домашната правна рамка со релевантите регулативи за роаминг донесени од Европската Комисија. Потребното усогласување ќе биде во соработка со Министерство за дигитална трансформација, Министерството за надворешни работи и Министерството за европски прашања, а со следење на Акциски план донесен од Владата на Р.С. Македонија. Правното решение, динамиката и потребните активности ќе бидат изработени во соработка со Европската Комисија |

## 3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ

| Р. бр. | Активност | Временска рамка |
|---|---|---|
| 1. | Прибирање на квартални извештаи за кварталите од Q4-2025 до Q3-2026 | Q1 – Q4 |
| 2. | Изготвување на квартални извештаи за развој на пазарот и нивно објавување на веб страна | Q1 – Q4 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Прибирање на годишни извештаи за финансиски податоци за 2025 | Q1 – Q4 |
| 4. | Изготвување на кратки извештаи за мобилна и фиксна телефонија на квартално ниво и нивно објавување на веб страна | Q1 – Q4 |
| 6. | Изготвување на Годишен извештај за развој на пазарот за 2025 и негово објавување на веб страна | Q1 – Q4 |
| 7. | Доставување податоци и информации до ДЗС согласно склучениот договор за соработка | Q1 – Q4 |
| 8. | Доставување податоци и информации до други институции ЗАМП, МИОА итн. | Q1 – Q4 |
| 9. | Доставување на податоци и соработка со групата BEREC Benchmarking во изготвување на извештајот за терминација (Mtr,Ftr,SMS ter.) | Q1 – Q4 |
| 10. | Пополнување на online прашалниците за ITU | Q1 – Q4 |

## УПРАВУВАЊЕ СО РАДИОФРЕКВЕНЦИСКИОТ СПЕКТАР

Врз основа на ЗЕК и правилниците за регулирање на радиокомуникациите, АЕК ги извршува своите задолженија и обврски со:

1. Издавање на одобренија за користење на радиофреквенции за сите видови на радиослужби по извршена детална анализа и пресметка,
2. Пресметка на број на бодови за годишен надоместок за користење на радиофреквенции, според кои се генерира фактура,
3. Издавање на согласности за увоз на радио и телекомуникациска терминална опрема,
4. Издавање на согласности на проекти за изградба и поставување на радиостаници,
5. Анализи и насоки за услови за користење на радиофреквенции и радиофреквенциски опсези за постоечки и за нови радиокомуникациски системи и мрежи,
6. Меѓународна координација на радиофреквенциски доделби,
7. Пријава на доделби во меѓународниот регистар на фреквенции (MIFR),

8. Дописи, мислења, ургенции, анализи, комуникација со корисници, одговори на прашања од корисници и друго.

Цели на АЕК за 2026 ќе бидат:

- Зголемување на конкуренцијата со влез на нов мобилен мрежен оператор на пазарот преку доделување на одобренија за користење на радиофреквенции за 5G,
- Иницијатива за воведување на нови технологии (DVB-T2/T-DAB)
- Поттикнување на развојот на јавните електронски комуникациски мрежи преку следење на имплементација на следна генерација на јавни електронски комуникациски мрежи (5G) и
- Ефикасно користење на радиофреквенцискиот спектар преку издавање на одобренија за користење на радиофреквенции.

За 2026 можат да се наведат конкретни задачи и активности што ќе ги спроведе АЕК со временски распоред на извршување како што е дадено во следната табела:

| Бр. | Работна задача | Временска рамка | Причини за оваа работна задача | Активности предвидени со оваа работна задача | Цел која треба да се постигне |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Следење на имплементација на мрежата на ОНЕ Македонија | Q1 | ОНЕ Македонија е должен да започне со користење на радиофреквенциите до крајот на 2026 при што најмалку еден град да биде покриен со 5G сигнал | Следење на исполнување на условите за покриеност наведени во одобренијата | Зголемување на конкуренцијата со влез на нов мобилен мрежен оператор |
| 2. | Подготовка и усвојување на правилници согласно новиот ЗЕК | Q1, Q2, Q3 | Нов ЗЕК, според кој подзаконските акти треба да се донесат во рок од 15 месеци од стапување во сила на законот | Подготовка на Правилници, јавна расправа по истите и усвојување на конечна верзија | Донесување на Регулатива со која се допрецизира користење на радиофреквенцискиот спектар |
| 3. | Интензивно следење на состојбата со развојот на дигиталната звучна радиодифузија (T-DAB), - создавање на услови и планирање чекори за | Q1, Q2, Q3, Q4 | Овозможување на пристап на граѓаните и радиодифузерите до нова дигитална технологија | Следење на развојот и имплементацијата на звучната радиодифузија, T-DAB. Продолжување на активностите поврзани со процесот на репланирање на меѓународниот План GE06, во рамките на работните групи на CEPT и ITU. Активна билатерална и | Афирмација и поттикнување на воведувањето на технологијата |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | нејзино воведување | | | мултилатерална координација со регулаторните тела од соседните и другите земји, со цел усогласување на фреквенциските планови. Навремено започнување со подготовка на соодветна национална регулатива за дигитална звучна радиодифузија, заедно со Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со крајна цел создавање услови за воведување на T-DAB технологијата | |
| **4.** | Спроведување на постапка за објава на намера за доставување на барања за издавање одобрение за користење на радиофреквенции и спроведување на тендери | Q1, Q2, Q3, Q4 | Пристигнати барања за издавање на одобренија за користење на радиофреквенции коишто се доделуваат со постапка на јавен тендер | Објава на намера за доделување на радиофреквенции, барање согласност до Влада на РМ за висина на еднократен надоместок, изработка на тендерска документација и спроведување на тендерската постапка, издавање на одобрение/ја | Ефикасно користење на радиофреквенцискиот спектар, поттикнување на користењето и развојот на широкопојасен пристап до услуги и обезбедување ефикасна и одржлива конкуренција |
| **5.** | Подготовка за Светска конференција за радиокомуникации 2027 (WRC-27) | Q1, Q2, Q3, Q4 | Ревидирање и ажурирање на Меѓународниот Правилник за радиорегулатива (Radio Regulations) – со кој се регулира радиофреквенцискиот спектар и сателитските орбити | Подготовка на национални позиции и контрибуции со цел застапување на националните позиции. | Ефикасно управување со радиофреквенцискиот спектар преку глобална координација,<br><br>Унапредување на безбедносните, економските и социјалните |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | интереси на земјите членки на Меѓународната унија за телекомуникации (ITU), вклучувајќи ја и Македонија |
| 6. | Издавање на одобренија за користење на радиофреквенции за сите видови на радиослужби по извршена детална анализа и пресметка.<br><br>Пресметка и генерирање на бројот на бодовите за годишен надоместок за користење на радиофреквенци за изработка на фактури | Q1, Q2, Q3, Q4 | Пристигнати барања за издавање на одобренија за користење на радиофреквенции по барање | Анализа на барање, планирање и доделување на радиофреквенции | Ефикасно користење на радиофреквенцискиот спектар и доделување на одобренија врз основа на начелата на објективност, транспарентност и недискриминација |
| 7. | Анализа на нови Одлуки и Препораки од ITU, CEPT, RSPG | Q1, Q2, Q3, Q4 | Измени во меѓународната регулатива | Учество во работни групи и следење на ново издадени одлуки и препораки. Предлог за евентуална измена на План за намена или План за доделување и користење на радиофреквенции | Овозможување на примена на најнови технологии на нај брз начин со цел ефикасно и ефективно да се користи спектарот |
| 8. | Меѓународна координација на радиофреквенциски доделби и нотификација | Q1, Q2, Q3, Q4 | Пријавување на ново доделени фреквенции во меѓународни планови, Издавање на одобренија за меѓународни линкови | За пријавување и нотификација се изготвуваат соодветни барања според видот на радиослужбата. Одредени радиофреквенции се координираат преку | Заштита на доделените радиофреквенции |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | ИТУ. Во одредени случаи координацијата е со билатерални или мултилетерални спогодби | |
| **9.** | Издавање на согласности за увоз на радио опрема | Q1, Q2, Q3, Q4 | Барање за согласност за увоз на радио опрема | Проверка на целокупната документација за опремата и издавање на согласност | Целокупната радио опрема и телекомуникациска терминална опрема што се користи во Република Македонија да е во согласност со позитивните прописи кои важат, како и да е во согласност со RED (поранешна R&TTE директива) |
| **10.** | Дописи, мислења, ургенции, анализи, комуникација со корисници, одговори на прашања од корисници и друго | Q1, Q2, Q3, Q4 | Барања од корисници, оператори, или по службена должност според одредбите од законот | Анализа, мислење, процедура, печатен или одговор по електронски пат | Навремено известување и одговарање на примените барања |
| **11.** | Планирање и оптимизација на радиокомуникациските мрежи | Q1, Q2, Q3, Q4 | Со воведувањето на поголем број на услуги и воведување на нови технологии во нови опсези во изминативе години, дојде до појава на поголем број на оператори кои користат радиофреквенции при поставувањето на нивните мрежи, а со тоа и | Анализа на веќе издадените одобренија за користење на радиофреквенции, анализа на мрежи по одредени опсези, планирање на доделби за нови мрежи | Ефикасно користење на радиофреквенцискиот спектар |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | зголемено користење на радиофреквенцис ки спектар | | |

## КОНТРОЛА И МОНИТОРИНГ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ

Согласно ЗЕК и подзаконските акти кои произлегуваат од него, АЕК има надлежност да врши контрола и мониторинг на радиофреквенциите на целата територија на Македонија со цел да се обезбеди ефиксно користење на радиофреквенцискиот спектар а воедно да се обезбеди нормално и непречено обезбедување на електронските комуникациски услуги на имателите на радиофреквенции. За оваа цел АЕК со Планот за работа за 2026 ги утврдува следните активности:

- Редовна контрола и мониторинг на радиофреквенцискиот опсег како и контрола на емисиите од радиостаниците;

Под редовна контрола на емисии се подразбира периодично проверување на карактеристиките и параметрите на дадена емисија, работните карактеристики и локацијата на радиостаниците. Со оваа активност ќе бидат опфатени сите радиостаници со Одобрение за користење на радиофреквенции и на откриени радиостаници без Одобрение за користење на радиофреквенции. Со наведената контрола се извршува и надзор над примената на ЗЕК, прописите донесени врз основа на ЗЕК и меѓународните прописи и договори во областа на радиокомуникациите. Испитувањето на радиофреквенцискиот спектар во смисла на овој план е периодично мерење и регистрирање на емисии во спектарот кои се примаат на територијата на Македонија. Испитувањето се врши поради утврдување на зафатеноста во спектарот за потребите на планирањето и доделувањето на фреквенции на нови станици, служби и мрежи, за заштита на фреквенции кои се веќе доделени на станици во Македонија и за потреби од координација на фреквенциите со соседни и други земји.

- Евидентирање на измерените параметри на радиоемисиите по извршени мерења на радиофреквенцискиот опсег;
- Контрола на радиостаниците во однос на усогласеност со Одобренијата за користење на радиофреквенции и меѓународните стандарди и препораки;
- Решавање на пречки по приговор;

Предност над сите други активности има истражување на штетни пречки во сите служби, посебено за Службата за воздухопловна радионавигација и воздухопловна мобилна служба и другите служби поврзани со безбедноста на луѓе и материјални добра

- Мерење и контрола на вредностите на нејонизирачко зрачење
- Мерење на задолжителните вредности на параметрите за квалитет на јавни комуникациски услуги кои се остваруваат преку радиомрежа (GSM/UMTS/LTE/5G)
- Мерење на параметрите за квалитет на дигиталната телевизија (DVB-T)
- Мерење на покриеност со FM сигнал на територија на РМ
- Вршење на мерење за потребите за планирање на РФ спектарот
- Стручен надзор на субјектите корисници на радиофреквенции и на RTTE

- Мониторинг на радиофреквенциските опсези кои се користат за јавни мобилни електронски комуникациски мрежи и WiFi опсези за безжична комуникација во просториите за полагање на стручни испити кој се спроведува согласно Закон
- Унапредување на техничките можности на системот за контрола и мониторинг
- Превентивни прегледи на мерната опрема за мониторинг (фиксни станици, мобилни станици, сензори)
- Давање на техничка асистенција на другите сектори, а поврзана со проблематиката која се работи во Секторот за контрола и мониторинг на радиофреквенции

Според овие активности, временската рамка и стручниот надзор би се изведувал согласно долунаведената табела:

| Р.бр. | Работна задача | Временска рамка | Причини за оваа работна задача | Активности предвидени со оваа работна задача | Цел која треба да се постигне | Инволвирани сектори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Мониторинг од фиксни мониторинг станици (до 3GHz) | 1-4 квартал | Утврдување на зафатеноста на радиофреквентниот спектар, проверка на усогласеноста на радиостаниците со Одобрението за користење на радиофреквенции, откривање на нелегални радиостаници мерења за зафатеноста на опсег, мерења за координација со соседните земји како и други барања за мерење неопходни за | Проверка во базата за издадени одобренија и мерни резултати, споредба на мерените параметри на дадена емисија со параметрите дадени во Одобрението, лоцирање на нелегални станици | Ефикасна и правилна употреба на радиофреквенциите согласно техничките стандарди и параметрите од Одбениоето, точни и ажурирани податоци за потребите на Секторот за радиокомуникации за планирање и доделување на радиофреквенции, спречување и решавање на пречки, елиминирање на појава на нелегални | Сектор за радиокомуникации |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | планирање на радиофреквенции во секторот за радиокомуникации | | радиостаници | |
| 2. | Мониторинг со мобилна станица (до 40GHz) | 1-3 квартал | На места каде што нема добро покривање со фиксните мониторинг станици или да се добие подобра слика за зафатеноста на радиофреквентниот спектар на одредена територија. Утврдување на зафатеноста на радиофреквентниот спектар, проверка на усогласеноста на радиостаниците со Одобрението за користење на радиофреквенции, откривање на нелегални радиостаници | Проверка во базата за издадени одобренија и мерни резултати, споредба на мерените параметри на дадена емисија со параметрите дадени во Одобрението , лоцирање на нелегални станици, подготовка на извештаи | Точни и ажурирани податоци за потребите на Секторот за радиокомуникации за планирање и доделување на радиофреквенции, спречување и решавање на пречки, елиминирање на појава на нелегални радиостаници и на места каде што нема покривање со фиксните станици или со RF сензорите | Сектор за радиокомуникации, |
| 3. | Мониторинг со портабл, мобилни | 1-4 квартал | Решавање на пречки, откривање на нелегални | Проверка во базата за издадени одобренија и | Спречување и решавање на пречки, елиминирањ | Сектор за радиокомуникации |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | станици, фиксни станици | | радиостаници, по барање од секторот за радиокомуникации. На места кои се недостапни за мобилната мониторинг станица | мерни резултати, споредба на мерените параметри на дадена емисија со параметрите дадени во Одобрението, лоцирање на нелегални станици, подготовка на извештаи | е на појава на нелегални радиостаници | |
| 4. | Мониторинг на радиофреквенциите во просториите за полагање на стручни испити | 1-4 квартал | Согласно измените во законската регулатива за полагање на стручни испити, АЕК има надлежност за мониторинг на радиофреквенциите во просториите за полагање на стручни испити | Редовен мониторинг на радиофреквенциите во просториите за полагање на испити преку далечински мониторинг станици | Оневозможување на безжична комуникација со околината во просториите за полагање на испити | |
| 5. | Мерење на нејонизирачко зрачење | 1-4 квартал | Добивање на информација за нивото на електромагнетно зрачење | Планирани активности за мерење на нејонизирачко зрачење | Контрола на вредностите на нејонизирачко зрачење и заштита на населението од нејонизирачко зрачење | |
| 6. | Мерење на нејонизирачко | 1-4 квартал | Приговор од крајни корисници или барање за | Добивање на информација за нивото на електромагне | Контрола на вредностите на нејонизирачк | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | зрачење по приговор | | мерење на нејонизирачко зрачење | тно зрачење и изготвување на Извештај по извршените мерења | о зрачење и заштита на населението од нејонизирачко зрачење | |
| 7. | Мерење на задолжителните вредности на параметрите за квалитет на јавни електронски комуникациски услуги преку радиомрежа<br>1.Редовни мерења<br>2.Мерења по приговор | 1-4 квартал | Редовна контрола на параметрите за квалитет по претходно дефинирани населени места и тест рути низ државата.<br><br>Мерење кои би се извршиле по барање на Сектор за заштита на правата на крајните корисници | Организирање на мерење по Правилник или по приговор од крајни корисници. После мерењата се изготвуваат извештаи и се објавуваат на комуницирај.мк или се изготвуваат Извештаи кои се доставуваат до Сектор за заштита на правата на крајните корисници | Утврдување на покриеноста на јавните мрежи за мобилна комуникација, вршење на надзор и заштита на крајните корисници | Сектор за заштита на правата на крајните корисници, Служба за информатички технологии |
| 8. | Мерење на параметри за квалитет на DVB-T мрежите<br>1.Редовни мерења<br>2.Мерења по приговор | 1-4 квартал | Редовна контрола на параметрите за квалитет на DVB-T мрежите<br><br>Мерење по приговор на корисник | Организирање на мерење по Правилникот за параметрите за квалитете или по приговор од крајни корисници. После мерењата се изготвуваат извештаи и | Утврдување на покриеноста со DVB-T сигнал, вршење на надзор и заштита на крајните корисници | Сектор за заштита на правата на крајните корисници, Служба за информатички технологии |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | се објавуваат на комуницирај. мк или се изготвуваат Извештаи кои се доставуваат до корисниците | | |
| 9. | Вршење на стручен надзор на корисницит е на радиофрек венции | 1-4 кварта л | Постапување по утврдените неусогласенос ти согласно обврските наметнати од АЕК и меѓународнит е технички стандарди и препораки | Изготвување на писмен извештај и давање предлог мерки при констатирана повреда или прекршување , составување на записник, запечатувањ е, привремено одземање на опрема или комуникациск и средства | Усогласеност со условите за користење согласно ЗЕК, соодветните правилници и меѓународни те технички стандарди и препораки | Сектор за правни работи |
| 10. | Превентив на проверка на мониторинг опремата во далечински те и фиксните станици како и TDOA сензорите | 1-4 кварта л | Обезбедувањ е на нормално функционира ње на опремата | Посета на далечински, фиксни станиции TDOA сензори | Непречено функционира ње на мерната опрема и TDOA сензорите | Служба за логистика |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 12. | Обуки на вработените во Секторот, како и учество во работни групи на соодветните меѓународни организации | 1-4 | Искористување на целокупниот потенцијал на мерната опрема,<br><br>теоретски и практични познавања на новите технологии неопходни за нашата работа како и споделување искуства за мерење на истите | Интерни обуки за новите колеги во секторот, размена на искуства со други регулаторни тела, презентации и обуки од страна на производителите на мониторинг опрема Учество во работни групи | Зголемување на компетентноста на вработените, квалитетно извршување на поставените задачи | Сектор за радиокомуникации<br><br>Правен сектор |

## ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА КРАЈНИТЕ КОРИСНИЦИ

АЕК во рамките на своите надлежности утврдени со ЗЕК има особено значајна улога во заштитата на правата на корисниците на јавни електронски комуникациски услуги и тоа преку: Одобрување и контрола на стандардните претплатнички договори, контрола на квалитетот на јавните електронски комуникациски услуги, обезбедување на еквивалентен пристап и избор за крајни корисници со инвалидитет, наметнување на дополнителни обврски на операторите во нивните односи со претплатниците, обезбедување на преносливост на броеви и особено преку решавање на спорови помеѓу операторите и нивните претплатници, како и следење на актуелности во областа на заштита на корисниците и обезбедување на подобра правна заштита со предлози за измени на ЗЕК и измени и дополнување на Правилникот за општи услови.

Согласно ЗЕК, АЕК доставените барања за решавање на спор од претплатниците ги решава преку постапка за решавање на спорови, а по претходно спроведена постапка за посредување. АЕК започнува постапка за решавање на спор на барање на една од страните во спорот. По приемот на барањето, АЕК пред да ја започне постапката за

решавање на спор, на страните во спорот им предлага постапката за посредување. Доколку било која од страните во спорот не ја прифати постапката за посредување, или доколку во постапката за посредување не дојде до договор за надминување на проблемот, односно спогодба помеѓу страните во спорот, АЕК преоѓа кон решавање спорот. Во таа постапка се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка, доколку со ЗЕК не е поинаку уредено. Доколку било која од страните во постапката за решавање на спор пред АЕК, за истиот спор започне судска постапка, постапката за решавање на спор пред АЕК се запира.

Операторите се должни секој стандарден претплатнички договор да го доставаат на одобрување до АЕК. АЕК го одобрува стандардниот претплатнички договор во рок од 30 дена од денот на приемот на истиот. Одобрените стандардни претплатнички договори АЕК ги објавува на својата веб страна.

За 2026 година, за заштитата на крајните корисници предвидени се следните активности:

| Р. бр. | Работна задача | Временска рамка |
|---|---|---|
| 1. | Примена на измените на Правилникот за општи услови | Q1-Q4 |
| 2. | Усогласување и одобрување на Стандардни претплатнички договори, согласно измените на Правилник за општи услови | Q1-Q4 |
| 3. | Редовен надзор по Барање за решавање на спор–континуирана активност согласно ЗЕК | Q1-Q4 |
| 4. | Контролни надзори по усвоени барања за решавање на спор, по изминат рок за постапување–континуирана активност согласно ЗЕК | Q1-Q4 |
| 5. | Вонреден надзор по барање или по индиции за неправилност | Q1-Q4 |
| 6. | Контролни надзори врз одобрени Стандардни претплатнички договори-континуирана активност согласно ЗЕК | Q1-Q4 |
| 7. | Изработка на анализи и извештаи по донесени решенија | Q1-Q4 |
| 8. | Поставување на мерливи параметри со кои би се мерело задоволството на крајните корисници | Q1–Q4 |
| 9. | Испитување на јавно мислење | Q1-Q4 |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Активности при EWG BEREC, учество на состаноци, соработка со регулаторите од регионот, поставување и одговарање на прашалници | Q1-Q4 |
| 11. | Промотивна кампања<br><br>Цели на промотивна кампања<br><br>1.Подигање на јавната свест за улогата на АЕК, градење на доверба во работата и позитивниот имиџ.<br><br>2.Промовирање на активностите на АЕК во насока на заштита на правата на корисниците (активност која ќе се изведува на терен, пропратена со анкетен прашалник)<br><br>3.Понатамошна промоција и афирмација на Контакт центарот и бесплатниот телефонски број 190<br><br>4. Едукативни работилници во средните училишта<br><br>5. Едукативни работилници на факултетите<br><br>6. Едукативни работилници во пензионерски домови<br><br>7. Медиумско излегување за промоција на АЕК | Q1-Q4 |
| 12. | Членство и придонес во Совет за заштита на потрошувачите – Министерство за економија и труд | Q1-Q4 |
| 13. | Придонес и организација на работен состанок со претставници од регулаторните тела од регионот во областа на заштита на корисниците, во рамките на Меѓународната конференција која ја организира АЕК | Q2 |
| 14. | Подготовка на материјал и изработка на флаери од едукативен карактер за различни категории на граѓани | Q3-Q4 |

## БЕЗБЕДНОСТ НА МРЕЖИ И ИНФОРМАЦИИ

Согласно ЗЕК како и Правилникот за обезбедување на безбедност и интегритет на мрежите и услугите, операторите се должни веднаш, но не подоцна од 24 часа од моментот на нарушување на безбедноста или губење на интегритетот кое имало значително влијание врз функционирањето на мрежите или услугите, по електронски пат на АЕК да и достават известување за истото. Доколку е тоа соодветно АЕК за истото може да ги извести националните регулаторни тела од други земји, како и Европската

агенцијата за безбедност на мрежи и информации (ENISA). Доколку истото е во интерес на јавноста, АЕК може да ја извести јавноста или да побара од операторот да го стори тоа. Исто така, доколку е тоа соодветно, АЕК за истото ќе го извести и телото надлежно за справување со компјутерски инциденти во Македонија MKD-CIRT.

Активностите на АЕК согласно ЗЕК и Правилникот за обезбедување на безбедност и интегритет на јавните електронски комуникациски мрежи и услуги и активности кои што операторите треба да ги преземат при нарушување на безбедноста на личните податоци вклучуваат:

- Прием и обработка на доставените информации за процена на безбедноста и интегритетот на мрежите и услугите на операторите, како што се наодот од ревизијата на информациските системи, планот за отстранување на констатираните недостатоци и усвоените или ревидираните политики за безбедност. Резултатите од спроведената ревизија операторите ги доставуваат до АЕК до крајот на мај во тековната година, за претходната година;
- Прием и обработка на електронски поднесени пријави за нарушувања/инциденти од страна на операторите во системот за управување;
- Барање за достава на потребни дополнителни информации за настанат инцидент како и мерките превземени за негово надминување;
- Доколку е соодветно се испраќаат известувања за настанат инцидент до телото надлежно за справување со компјутерски инциденти MKD-CIRT, Национални регулаторни тела од други држави, Европската агенција за безбедност на мрежи и информации (ENISA) или јавноста;
- Барање за извршување на безбедносна ревизија која ја врши квалификувано независно тело или надлежен државен орган и резултатите од истата да ги направат достапни за АЕК;
- Испитување на случаите на неусогласеност и ефектите од истото врз безбедноста и интегритетот на мрежите;
- Следење на Европската законска регулатива за превземање на технички и организациски мерки за безбедност и интегритет на мрежите и услугите за превземање на активности за усогласување со истата;

| Ред. бр. | Активност | Опис на активноста | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| 1 | Прием и обработка на доставените информации за процена на безбедноста и интегритетот на мрежите и услугите на операторите | Операторите се должни еднаш годишно да спроведат ревизија на информацискиот систем, со цел да се потврди дали се исполнети минималните превземени мерки за безбедност. Резултатите од спроведената ревизија ги доставуваат до АЕК до крајот на мај | Q1 и Q2 / 2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | во тековната година, за претходната година | |
| 2 | Прием и обработка на доставените Политики за безбедност | Операторите се должни по нотификацијата а пред започнување со работа да достават Политика за безбедност со која ги потврдуваат активностите за технички и организациски мерки за безбедност и интегритет на мрежите и услугите | Q1 до Q4 / 2026 |
| 3 | Прием и обработка по пријавени нарушувања / инциденти | Прием и обработка во системот за управување на електронски поднесени пријави за нарушувања / инциденти | Q1 до Q4 / 2026 |
| 4 | Барање за извршување на безбедносна ревизија во случај на неусогласеност | Континуирана активност согласно ЗЕК и Правилникот за безбедност и интегритет на мрежите и услугите | Q1 до Q4 / 2026 |
| 5 | Барање за достава на потребни дополнителни информации | Континуирана активност согласно ЗЕК и Правилникот за безбедност и интегритет на мрежите и услугите | Q1 до Q4 / 2026 |

## ВЕБ ПОРТАЛИ НА АЕК

АЕК на своите веб портали објавува податоци и информации за:

- склучени договори за интерконекција на операторите со значителна пазарна моќ,
- референтните понуди на операторите со значителна пазарна моќ,
- пресметаниот надоместок и трошоците за обезбедување на универзална услуга,
- одобренијата за користење на радиофреквенции и решенијата за доделување на броеви и/или серии на броеви,
- издадени дозволи на радиоаматери,
- преносот или издавањето на правото на користење на доделени радиофреквенции и доделени броеви и/или серии на броеви,
- јавни повици за добивање на мислење од заинтересираните страни,
- јавни повици и тендери кои ги спроведува АЕК,
- одлуки во врска со решавањето на спорови,
- завршени постапки на надзор,

- споредливи информации со кои ќе им овозможи на крајните корисници и потрошувачите да направат самостојна процена за слободен избор на комуникациски услуги врз основа на квалитетот и цените на услугите.

АЕК овие информации ги објавува на следните јавно достапни веб портали:

- www.aek.mk
- www.komuniciraj.mk
- https://e-agencija.aek.mk
- https://mkd-cirt.mk

www.aek.mk–корпоративна веб-страница на АЕК на која се објавуваат сите информации кои произлегуваат од обврските наведени во ЗЕК.

www.komuniciraj.mk–веб-страница е наменета за крајните корисници. На оваа страна корисници можат да добијат информации за операторите на електронски комуникациски мрежи/услуги кои се нотифицирани и работат на територија на Македонија, цените за услугите кои ги обезбедуваат, тарифни модели/ пакети на услуги, интернет, роаминг и останати информации. Дополнително, на истата крајните корисници можат да добијат информации за дигитализацијата, преносливост на броеви како и нејонизирачко зрачење. Овој портал им овозможува на граѓаните на транспарентен начин споредба на тарифни модели и пакети од Оператори како и ориентациска пресметка на трошоци за користење на мобилна и фиксна телефонија со можност за споредба на актуелната понуда на Операторите. На порталот се објавуваат и одобрените Стандардни претплатнички договори од операторите.

https://e-agencija.aek.mk–веб портал преку кој операторите и крајните корисници ги користат услугите на АЕК по електронски пат. Преку порталот се достапни следните услуги:

- Поднесување на барање и издавање на согласност за увоз на радио опрема
- Поднесување на барање и издавање на одобрение за користење на радиофреквенции
- Поднесување на барање и издавање на решение за користење на броеви и серии на броеви
- Поднесување на барање и издавање на потврда за нотификација на оператор
- Поднесување на барање за решавање на спор и електронско следење на постапката за решавање на спор

https://mkd-cirt.mk–веб портал наменет за Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти MKD-CIRT преку кој може да се пријавуваат инциденти по компјутерската безбедност по електронски пат.

За редовно одржување за достапност на веб порталите и објава на информации, се планираат и следните активности:

| Ред бр. | Активност | Опис на активноста | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| 1. | Ажурирање на веб порталите на АЕК со објава на нови содржини | Континуирана активност согласно ЗЕК | Q1 - Q4 2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | Одржување на веб порталите на АЕК | Континуирана активност | Q1 до Q4 2026 |

## НАДГРАДБА И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ ИКТ СИСТЕМИ ВО АЕК

Ефикасно и квалитетно извршување на работните обврски на вработените во служба за информатички технологии во врска со давање на корисничка, техничка и системска поддршка. Активности во делот на корисничка, техничка и системска поддршка кои Службата за информатички технологии ги извршува заради овозможување на континуитет и квалитет во работата на стручната служба на АЕК се:

- Корисничка и техничка поддршка за над 150 вработени во АЕК на 4 различни географски локации
- Континуиран надзор над работењето на ИКТ системите во АЕК
- Корисничка и техничка поддршка за операторите и фирмите во делот на достапност и користење на услугите на АЕК
- Корисничка поддршка за граѓаните на Македонија во делот на достапност и користење на сервисите наменети за нив

Службата за информатички технологии има обврска да ги спроведува активностите наведени во следната табела:

| Р. Бр. | Активност | Временска рамка | Цел |
|---|---|---|---|
| 1. | Тековно одржување на ИКТ системи во АЕК | Q1 до Q4 2026 | - корисничка и техничка поддршка за вработените во АЕК на 4 различни географски локации<br>- континуиран надзор над работењето на ИКТ системите во АЕК<br>- корисничка и техничка поддршка за операторите, фирмите и граѓаните во делот на достапност и користење на услугите на АЕК<br>- надоградба на брзините и одржување на функционалноста на комуникациските линкови |
| 2. | Безбедност на мрежи | Q1 до Q4 2026 | - ја следи безбедноста на мрежите на операторите, мерките кои што истите ги превземаат за ублажување на инциденти по безбедноста и интегритетот на мрежите,<br>- кумулативно ги собира податоците за евентуални безбедносни ранливости и нарушувања на функционалности на мрежите на операторите, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Континуитет во работењето и редундантност на податоците кои ги создава и користи АЕК | Q1 до Q4 2026 | Активност со редовни тестирања на планови за опоравување од катастрофи и ревизија на планови за континуитет во работењето |
| 4. | Одржување на веб порталите на АЕК и имплементација, адаптација на новите дизајни | Q1 до Q4 2026 | АЕК да обезбеди одржување со цел надградба и усовршување на порталите |
| 5. | Организациски мерки за усогласување со новиот закон за лични податоци | Q1 до Q4 2026 | Превземање мерки и активности за усогласување со техничките и организациските мерки препорачани од АЗЛП |
| 6. | Контрола на реализација на Договори | Q1 до Q4 2026 | Следење на текот на реализација на склучени Договори |
| 7. | Изработка на документација и спроведување на јавни набавки | Q1 до Q4 2026 | Изработка на технички спецификации за иницирање на јавни набавки |
| 8. | Едукација на вработените | Q1 до Q4 2026 | Обуки за вработените согласно работните активности и планови |

## СТРУЧЕН НАДЗОР

Годишниот план за работа ќе се одвива во насока на посетување и извршување на редовен надзор над сите субјекти кои користат радиофреквенции и надзор на даватели на јавни комуникациски мрежи/услуги. Секој субјект треба да биде посетен најмалку еднаш годишно од страна на овластено лице за надзор. Редовниот надзор ќе се спроведува плански во одреден временски период со посета на субјекти кои работат во иста служба (на пример копнено мобилна, фиксна, радиодифузна служба, даватели на јавни комуникациски мрежи/услуги). При редовните надзори неопходна е соработка со: Секторот за контрола и мониторинг на радиофреквенции заради целосна контрола над соодветниот субјект, Секторот за регулатива, Секторот за радиокомуникации, Секторот за телекомуникации како и со останатите сектори во АЕК.

По извршениот редовен надзор, кај субјектите кај кои е констатирана неправилност во работењето и на кои им е доставен писмен извештај со определен рок за отстранување на неправилноста, по истекувањето на истиот ќе се спроведе контролен надзор.

Во текот на годината планирани се и вонредни надзори врз основа на писмена иницијатива поднесена од: Државни органи, оператори, физички или правни лица, како и во случај на сомневање по службена должност, согласно ЗЕК.

При извршувањето на редовните и контролните надзори секогаш приоритет ќе се даде на квалитетното, но и навремено завршување на работните задачи во согласност со годишниот план.

## СОРАБОТКА СО ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ТЕЛА

АЕК соработува и е во секојдневна редовна комуникација со Министерството за дигитална трансформација, а согласно член 27 од ЗЕК, АЕК соработува со други државни органи и тела по прашања кои се во врска со електронските комуникации. АЕК соработува со Комисијата за заштита на конкуренција во врска со анализите на релевантните пазари, определувањето на оператори со значителна пазарна моќ и наметнувањето на обврски на операторите со значителна пазарна моќ. Во постапка за доделување на радиофреквенции за вршење на радиодифузна дејност, АЕК соработува со Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По прашања од заеднички интерес АЕК и во 2026 планира да остварува континуирана соработка и со други државни органи и тела како:

- Министерство за финансии;
- Министерството за транспорт;
- Министерство за економија и труд;
- Министерство за внатрешни работи;
- Комисија за заштита на конкуренцијата;
- Агенција за заштита на лични податоци;
- Институт за стандардизација на Република Македонија;
- Здружение за заштита на потрошувачи;
- Народна банка на Република Македонија;
- Централен регистар на Република Македонија;
- Царинска управа на Република Македонија;
- Центар за управување со кризи;

- Завод за статистика на Република Македонија;
- Агенција за катастар и недвижности
- Државен пазарен инспекторат
- и други органи и тела на Република Македонија.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ВЛИЈАНИЕ НА ЈАВНОСТА

Транспарентноста на АЕК се огледа во обврската која произлегува од законската одредба според која е задолжително јавно да се објавуваат извештаи за развојот и состојбите на пазарот за електронски комуникации на квартално ниво во текот на годината. Исто така организацијата на два јавни состаноци на кои ќе бидат поканети сите заинтересирани страни да ги изразат нивните ставови и мислења по однос на развојот на електронските комуникации, а нивното мислење и ставот на АЕК по истото да биде објавено во рок од 7 дена на веб-страната е во контекст на транспарентното работење на АЕК. Во оваа постапка всушност се овозможува влијанието на јавноста врз работењето на оваа институција. Објавувањето на предлог подзаконските акти или измени и дополнувања на истите, како и предлог годишната програма на АЕК на јавна расправа која трае најмалку 30 дена од денот на објавувањето на веб-страната и организирањето на јавен состанок со заинтересираните страни пред донесување на актите на АЕК, е уште еден факт кон нејзиното транспарентно работење и доказ за можноста за влијанието на јавноста во нејзиното работење.

## ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Управувањето со човечки ресурси е тесно поврзано со стратешките функции на АЕК како институција, а се неопходни за нејзиниот развој. Од таму, управувањето со човечките ресурси може да се подели во две главни категории:

1. Стратешка дејност-односно реформаторска, при што акцентот е ставен на подготовка и имплементација на деловната стратегија на АЕК поврзано со развивање и имплементирање на стратегијата за управување со човечки ресурси, превземање на иницијативи при процесот на развој на организациската стратегија, развивање на функционална организациона поставеност и давање насоки и упатства на раководителите за управување со вработените.

2. Трансакциона дејност-извршување вообичаени активности поврзани со службеничките односи, како што вработувањето, учењето и развојот, наградувањето и работните односи.

Имајќи го ова предвид, за управување со човечките ресурси АЕК ги спроведува следнива активности:

- ја следи и применува законската регулатива од областа ма работните односи (вработување, социјална и здравствена заштита, пензиско и инвалидско осигурување), колективните договори итн;

- Подготвува документи кои се однесуваат на менаџментот на човечки ресурси за раководителите и вработените;

- Извршува правно- административни активности поврзани со вработување, работно време, плати и бенефиции;

- Учествува во подготовка на општи акти од областа на човечки ресурси;

- Планира и спроведува постапки за обуки и развој на вработените во АЕК;

- Подготвува извештаи и статистики кои се однесуваат на вработените;

- Им дава информации на вработените за административните и други постапки;

Со цел поквалитетно исполнување на предвидените активности и развој на своите капацитети, АЕК има во предвид во 2026 да ги исполни следните активности:

| Р. бр. | Работна задача | Временска рамка | Причини за оваа работна задача |
|---|---|---|---|
| 1 | Стратешки активности за управување со ЧР | Q1- Q4 | Следење на насоки и упатства на врвниот менаџмент и раководителите за управување со вработени |
| 2 | Организација и подготовки за Team building на вработените во АЕК | Q1- Q4 | Подобрување на релациите меѓу вработените и меѓучовечките односи, придонес за постигнување на стратешките цели и приоритети, креирање на лојалност и чувство на припадност кон АЕК |
| 3 | Организација на обуки согласно годишниот план за обуки како и изработка на годишен план за вработување | Q1- Q4 | ***Годишен план за обуки*** согласно Процедура обука АЕК-622-101 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | Спроведување на функционална анализа, изработка на Правилник за систематизација согласно функционалната анализа, Правилник за внатрешна организација | Q1 - Q2 | Поради усвојувањето на новите закони за вработените во јавниот сектор, како и законот за административни службеници, потребно е да се изработи функционална анализа, доколку истата не се направи до крајот за 2025 (од финансиски причини), тогаш извесно е дека ќе се направи на почетокот на 2026. Потоа да се пристапи кон изработка на нов Правилник за систематизација на работните места во АЕК како и Правилник за внатрешна организација |
| 5 | Ажурирање и имплементција на ИСО процедурите согласно годишната проверка | Q1- Q4 | Ажурирање на ИСО процедурите поради измените по спроведувањето на функционалната анализа и интерните огласи, како и годишна проверка за имплементацијата и спроведување на ИСО процедури, согласно Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето услуги во државната служба |
| 6 | Прашалници и анкети за вработените во стручната служба на АЕК | Q1- Q4 | Добивање на информации за ставовите на вработените на стручната служба на АЕК преку изразување на своите гледишта за организацијата во институцијата/секторот, потоа мотивацијата за работа, чувството на слобода во работењето итн. |
| 7 | Секојдневни административни активности | Q1- Q4 | -За потребите на вработените од стручната служба на АЕК, односно активности поврзани со службенички и административни работи;<br><br>-Следење на системот за евиденција на работно време;<br><br>-Креирање на континуиран месечен извештај за отсуства на вработените (боледувања, неплатени отсуства и сл.)<br><br>-Секојдневна изработка на Решенија, одлуки, потврди за редовен работен однос итн.<br><br>-Изготвување на ЗО образец;<br><br>-Пријави/одјави во АВРСМ;<br><br>-Пријави/ одјави во ФЗО;<br><br>-Договори;<br><br>-Известување за неработни денови;<br><br>-Договори за деловна соработка;<br><br>-Прашалници и анкети за вработените во АЕК |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8 | Работни цели и задачи | Q1- Q4 | Спроведување на полугодишно интервју најдоцна до 31 мај и Оценување на ефектот на административните службеници во АЕК, изготвување на план на обуки, изготвување на план за вработување |
| 9 | Проекти | Q1- Q4 | **Проект 1:** Планирање на потребниот кадар за секторите, можности за унапредување на вработените како и хоризонтално поместување на истите, овозможување на соодветна обука за вработените имајќи ги во предвид знаењата и компетенциите на вработените со потребите на работното место.<br><br>**Проект 2:** АЕК се грижи за своите вработени. Сектор за ЧР организира годишни здравствени прегледи. Испочитувани се мерките за заштита при работа, планирана е и набавка на систематски прегледи за вработените. Во текот на 2026 година вработените кои имаат потреба од ХТЗ опрема, планирано е истата да им биде на располагање.<br><br>**Проект 3:** Планирано е и набавка на канцелариски, репрезентативен и печатарски материјал за потребите на сите вработени.<br><br>**Проект 4**: По направена анализа на состојбата на системот за електронска евиденција на работно време, се утврди дека веќе не работи и е потребно да се набави нов систем |

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

АЕК своето работење, меѓу останатото го заснова и врз директивите, стратегиите и проектите на следните меѓународни организации во кои членува: Меѓународната Унија за телекомуникации (ITU), Конференција на европски пошти и администрации од областа на телекомуникации (CEPT), Европскиот Институтот за стандардизација во телекомуникациите (ETSI), Телото на Европски регулатори за електронски комуникации (BEREC) и Меѓународната Асоцијација на офицери за заштита на лични податоци (IAPP).

Вработените во АЕК се членови и активно учествуваат во проектите на работните групи во споменатите меѓународни институции каде што дебатираат и дискутираат за проектите кои се однесуваат на донесување на регулативи и прописи за нивно унифицирано воспоставување на универзален пристап на глобално ниво. Ова е од особено значење бидејќи во 2025 е донесен новиот ЗЕК кој има одложено дејство заради што во меѓувреме е потребно да се донесат нови Правилници и да се воспостават и соодветни методологии и стратегии за нивно имплементирање и

следење. Токму заради тоа активностите на членувањето во меѓународните организации и тела треба да се интензивира на начин што ќе е неопходно да се организираат состаноци и билатерални средби со претставници на регулаторни тела од регионот и од Европа за размена на искуства и добри практики при донесувањето на под законската регулатива.

Кон крајот на 2026 во организација на ITU ќе се одржи и Пленарната седница на оваа институција на која ќе бидат дефинирани општите и стратешките политики на ITU како и финансиските планови и програми, а ќе биде извршен и изборот на највисоките раководни претставници на ITU како и претставници на државите членки на Советот и членовите на Бордот за радио регулатива. Се планира претставници на АЕК да присуствуваат на овој настан и да земат активно учество во програмата.

Меѓународната Регулаторна Конференција која се одржува секоја година во организација на АЕК е планирано да се одржи и во 2026 со учество на претставници на регулаторни тела од регионот и ЕУ како и претставници на операторите и даватели на јавни електронски комуникациски услуги. Оваа Конференција претставува всушност и прв јавен состанок на АЕК на кој се претставуваат годишните и повеќегодишните стратегии на АЕК како и воспоставените меѓународни конекции од областа на регулацијата на пазарот за електронски комуникации и воспоставените методологии и принципи за негов напредок и развој.

Вториот Јавен состанок се планира за крајот на 2026 кога всушност и ќе бидат презентирани реализираните проекти и програми и претставени визиите за 2027.

Во својата агенда за втората половина од 2026 АЕК во соработка со ITU планира да организира настан Cyber Drill на кој учесници би биле претставници на Центрите за справување со компјутерски инциденти од регионот, а и пошироко имајќи во предвид дека овој настан ќе биде под покровителство на ITU. Овој настан вообичаено трае 4-5 дена во кои учесниците имаат презентации и практични вежби и задачи за совладување како и натпревар за брзо справување со конкретно зададен компјутерски инцидент. Согласно зададеното Упатство за организација на вакви настани определено од ITU, логистичката поддршка и организација на овој настан е на товар на АЕК.

Од областа на заштитата на лични податоци се планира во текот на 2026 да се стави акцент на контролата на обработувачите на лични податоци и нивната техничко-технолошка обработка на доверените лични податоци за кои е одговорна АЕК и ризиците со кои може да се превенира нивното загрозување и злоупотреба. Посета на Обуките кои ќе бидат организирани на тема за заштита на личните податоци е определена согласно законската одредба 42 од Законот за заштита на лични податоци за која цел се предлага целата структура на Офицер и заменици офицери за заштита на лични податоци да учествува на обуки кои ќе бидат организирани од Агенцијата за заштита на личните податоци и кои ја следат добрата Европска практика и примери за доследно спроведување на GDPR регулативата. Воедно, се планира офицерот и

замениците офицери за заштита на личните податоци да ги следат регулативите и состаноците на Меѓународната Асоцијација на офицери за заштита на лични податоци (IAPP) и да учествуваат во нејзината работа.

## ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Годишниот план за извршување на внатрешната ревизија претставува список на активности кои АЕК треба да ги спроведе за намалување или сведување на минимум на ризиците во одделни процеси во организацијата преку спроведување на ревизии кои ќе обезбедат препораки за подобрување на работењето.

Планираните ревизии во Годишниот план за извршување на внатрешната ревизија произлегуваат од главните цели и активности во стратешкиот план.

| Р. Б. | Вид на ревизија | Предмет на ревизијата | Цел на ревизијата | Период на извршување | Извршители |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Follow-up на препораки дадени во 2025 | Ревизија на препораките дадени во извештаите на внатрешниот ревизор од извршените ревизии и изготвување на извештаи | Да се направи проверка дали дадените препораки од ревизиите во 2025 година се спроведени. | Q1-Q4 | Гордана Каракирова |
| 2. | Ревизија на навремено усогласување на подзаконските акти со измена на ЗЕК | Предмет: Усогласеност на работењето согласно со законските и подзаконските акти | Цел: Усогласеност на работењето со законските и подзаконски барања како и усогласеноста со пропишаните процедури како и нивните контроли | Q1- Q4 | Гордана Каракирова |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Организирање на две работилници за раководството | Предмет:<br><br>Организирање на две работилници – една од аспект на усогласување помеѓу секторите за поефективна изработка на подзаконските акти и процедурите на секторите | Цел: Ефективна изработка на подзаконските акти и процедури на секторите | Q1- Q4 | Гордана Каракирова |
| 4. | Интерни проверки- на два нови стандарди ISO 14000 и ISO 45000 здравје и безбедност при работа и заштита на животната средина | Предмет:<br><br>Советодавна улога и координација | Цел:<br>Исполнување на барањата на стандардот | Q1-Q4 | Гордана Каракирова<br>И Тим на овластени проверувачи |
| 5. | Советодавна улога- координација во процесот на Сертификација со ИСО 27001- Информациска безбедност | Советодавна улога и координација | Цел:<br>Надградување на постоечкиот систем за менаџмент со квалитет и подобрување на имиџот на АЕК | Q1-Q4 | Гордана Каракирова |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Координација на Системот за управување со квалитет ИСО 9001:2015 | Предмет: Работење според пропишани стандарди за работа, промовирање на свест за значење на корисниците и подобрување на имиџот на компанијата | -Услуги на советување во оддржување на системот за управување со квалитет, давање на превентивни и корективни мерки за подобрување на системот<br><br>-Проверки на системот за управување на квалитет во сите сектори и служби.<br><br>-Следење на остварувањето за програмата за подобрување на квалитетот со цел на утврдување на нови потреби за подобрување како и верификување на предложените цели за квалитет и превентивни мерки<br><br>-Преиспитување на организационите решења во | Q1-Q4 | Гордана Каракирова |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | мерка во која тие влијаат на квалитетот како и давање на предлози за нивно подобрување.<br><br>менаџмент за квалитет.<br><br>-Втора надзорна проверка од страна на надворешна овалстена компанија- на Системот за менаџмент со квалитет | | |
| 7. | Универзум за ризици и изготвување на Стратешки и Годишен план за работа-Q4 | Предмет: Анализа на ризиците и изготвување на Универзум за ризици, а врз основа на тоа изготвување на Годишен план за 2027 година како и Стратешки план 2027-2029 | Цел: Навремено и квалитетно исполнување на законските барања за изготвување и одобрување на Годишен и Стратешки план. | Q4 | Гордана Каракирова |

## ФИНАНСИИ И СМЕТКОВОДСТВО

Работењето во АЕК во врска со финансии и сметководство во 2026 треба да ги исполни следниве активности:

Изработка на годишни финансиски извештаи (Биланс на состојба, Биланс на успех, Даночен биланс, Распоредување на вишокот на приходи над расходи, Образец ДЕ) за 2025, кои се составен дел од Годишниот извештај за работа на АЕК за 2025, како и финансиски извештај за реализација на финансискиот план за 2025 и со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за 2026 групирани по структура и по организациска структура на АЕК. Организација и контрола на спроведувањето на Годишниот финансиски план на АЕК кој содржи податоци за реализација на планираните активности, планираните приходи и расходи на АЕК за 2026 групирани по структура и по организациска структура на АЕК, како и предвидените капитални инвестиции на АЕК за 2026. Организација и контрола на подготовката на Годишниот финансиски план на АЕК кој содржи податоци за реализација на планираните активности, планираните приходи и расходи на АЕК за 2026 групирани по структура и по организациска структура на АЕК, како и предвидените капитални инвестиции на АЕК за 2026. Сметководствени усогласувања со констатираната фактичка состојба со пописот на АЕК за 2025 во записници: Парични средства и хартии од вредност, инвестиции во тек, основни средства, ситен инвентар, побарувања од купувачи и обврски од добавувачи, пресметка на амортизација и ревалоризација на материјален и нематеријален имот, сметководтвени усогласувања на отворените сметководствени конта од класата 0 до класата 9, затворање на класа 4 и класа 7. Анализа и проектирање на висината на годишните трошоци на АЕК за извршување на активностите во рамките на нејзините надлежности, проектирање и на капиталните трошоци воедно и анализа и проектирање на висината на годишните приходи за покривање на расходите од работењето на АЕК. Контрола на целокупниот процес на стратешко планирање од аспект на финансирање. Координација на финансиските и сметководствените активности на АЕК и контрола на точноста и усогласеноста на сите документи што се однесуваат на финансиските активности. Надзор, спроведување и управување со средствата на Компензацискиот Фонд за универзална услуга за 2025. Непосредна соработка со независните ревизори или Државниот завод за ревизија, доставување на целокупната финансиска и сметководствена евиденција, подготвување на извештаи и други материјали за потребите за изработка на ревизорски извештај од независен овластен ревизор, како и од Државниот завод за ревизија, доколку има извршено ревизија на финансиското и материјалното работење на АЕК за 2025. Непосредна соработка со независните ревизори, доставување на целокупната финансиска и сметководствена евиденција за

компензацискиот фонд за универзалана услуга, подготвување на извештаи и други материјали за потребите за изработка на ревизорски извештај од независен овластен ревизор за извршена ревизија за состојбата на средствата во компензацискиот фонд за универзална услуга за 2025. Ревизија на ИСО Процедурите за финансиски прашања и Правилникот за процедурите за финансиско и сметководствено работење на АЕК. Следење и примена на прописите од областа на финансиите, буџетот, даноците и сметководството како и останати прописи кои влијаат на финансиското работење; Пресметка на финансиските трошоци на АЕК. Проверка на исправноста и реалноста на фактурите. Проверка на сите исплати од сметките на АЕК. Анализи на финансиските трансакции. Следење на состојбата на сметките на АЕК. Анализа и контрола на плаќањата, сметководствено, буџетско и финансиско известување. Проверка на точноста и усогласеноста на сите документи што се однесуваат на финансиските активности и создавање на обврски и расходи со законите, подзаконските и интерните акти, одлуки и договори по нивно извршување. Контрола и координација на процесот на подготовката и извршувањето на буџетот на АЕК. Ревизија на подзаконските акти согласно ЗЕК што се однесуваат на финансиското работење на АЕК. Соработка со национални регулаторни тела на други земји надлежни за електронски комуникации во областа на финанското работење. Следење на реализацијата на наплатата на надоместоците кои се приход на АЕК согласно ЗЕК. Следење и изготвување на целокупна финансиска документација за наплата на ненаплатени побарувања по пат на нотар, предлага покренување на постапки пред нотар. Изработка на фактури за годишните надоместоцина АЕК, каматни листии другата финансиска документација на АЕК. Акциоски план во врска со реализацијата на обврските кон добавувачите кои се расход на АЕК согласно законските прописи од областа на финансиското работење. Прегледи за сите сметки и потсметки на АЕК. Анализирање и порамнување на приходите и трошоците. Ликвидирање сметки од денарската и девизната благајна, влезните и излезните фактури. Документи за банковен трансфер, ги следи плаќањата и документите ги искнижува во сметководствениот систем. Следење на задолженоста со денарската и девизната готовинска благајна, врши благајнички работи за потребите на АЕК. Изготвување на месечните плати на вработените во АЕК и соодветно книжење. Следење и подготвување на формулари за боледување кои се на терет на Фондот за здравство, потврди за плата. Анализа на побарувањата од вработените по основ на аванси. Годишен извештај за персонален данок на доход. Обезбедување на навремено

плаќање на даноци и други финансиски давачки поврзани со платите на вработените. Подготовка на финансиски и статистички извештаи во врска со извршените плаќања; приходи и расходи, инвестиции, бруто плати. Следење на трошоците за плати и подготвува план за плати на вработените. Исплата на дневници за службени патувања и други готовински исплати. Контрола на празнењето на финансиските средства од сметките на Мастер и Виза. Изготвување на рекапитулар за персонален данок на доход. Изготвување на решение, патен налог и пресметка на трошоците по основ на службени патувања во земјата и странство. Анализа, контрола и одобрување на даночната пријава за ДДВ. Анализа на реализираниот сообраќај на мобилна телефонија кај вработените. Анализа на потрошената количина на гориво за службените возила. Месечна аконтација на Данок на добивка. Анализа на обврски кон добавувачи од странство од аспект на задржан данок на доход.

- Контрола на целокупната финансиска и сметководствена документација:

- Ex-ante внатрешна финансиска контрола;

- Ex-post внатрешна финансиска контрола;

Во следната табела дадени се детални објаснувања за временските рокови, причините за работните задачи, активностите предвидени со работните задачи и целта која треба да се постигне со извршувањето на секоја работна задача:

| Р. бр. | Работна задача | Временска рамка | Причини за оваа работна задача | Активности предвидени со оваа работна задача | Цел која треба да се постигне |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Финансиски извештаи на АЕК за 2025 (Биланс на состојба, Биланс на успех, Даночен биланс, Распоредување на вишокот на приходи над расходи,Образец ДЕ) | Q1 | член 17 став 1 од Законот за сметководство за непрофитните правни субјекти, член 11 став 4 од Законот за електронски комуникации | -попис: на парични средства и хартии од вредност, на основни средства и ситен инвентар, на инвестиции во тек, на побарувања и обврски;<br>-пресметка на амортизација и ревалоризација на материјален и нематеријален имот,<br>- сметководтвени усогласувања на отворените сметководствени контаод класата 0 до класата 9<br>-затворање на класа 4 и класа 7 | Ефикасност во работењето на АЕК, економичност, ликвидност, утврдување на активностите, утврдување на инвестирањето кое го има извршено АЕК, односно утврдување на успешноста во работењето |
| 2 | Ревизија на финансиското работење на АЕК за 2025 | Q1 | член 29 став 6 од ЗЕК | Непосредна соработка со независните ревизори, доставување на на целокупната финансиска и сметководствена евиденција, подготвување на извештаи и други | Независно ревизорско мислење дали финансиските извештаи објективно и вистинито ја прикажуваат финансиската состојба на АЕК, имено |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | материјали за потребите на ревизијата | утврдување на законското и наменското користење на средствата, точно проценување на билансните позиции |
| 3 | Ревизија на Сметката за надоместоците за од компензацискиот фонд за универзална услуга за 2025 | Q1 | Член 105 став 5 од ЗЕК | Непосредна соработка со независните ревизори, доставување на на целокупната финансиска и сметководствена евиденција, подготвување на извештаи и други материјали за потребите на ревизијата | Независно ревизорско мислење дали финансиските извештаи објективно и вистинито ја прикажуваат финансиската состојба на сметката за надоместоците за универзална услуга |
| 4 | Годишен финансиски план на АЕК за 2027 | Q3 | член 11 став 4 од ЗЕК | Анализа и проектирање на висината на годишните трошоци на АЕК за извршување на активностите во рамките на нејзините надлежности, проектирање и на капителните трошоци воедно и | Ефикасно и успешно функционирање на АЕК |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | анализа и проектирање на висината на годишните приходи за покривање на расходите од работењето на АЕК | |
| 5 | Ревизија на ИСО Процедурите за финансиски прашања и Правилникот за процедурите за финансиско и сметководствено работење на АЕК | Q3 | Воведување на измени и дополнувања на ИСО процедурите воедно и имплементирање на измените во законската регулатива | Совладување на законските измени од областа на финансии сметководство | Доследна примена на законската регулатива од областа на финансии и сметководство |
| 6 | Тековни задачи | Q1-Q4 | | -следење, контрола на реализација на Буџетот на АЕК<br>- квартални извештаи за работењето и други финансиски извештаи<br>-пресметка и исплата на плати и надоместоци,<br>- пресметка на трошоци по основ на службени патувања во | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | земјата и странство , -евидентирање на материјален и нематеријален имот на АЕК, -пресметување на амортизација и ревалоризација, - банкарски сметки – девизни и денарски, -пресметување на персонален данок на доход, -фактурирање на годишните надоместоци и следење на нивната наплата, -опомени до комитенти за ненаплатен долг, - извештаи за ненаплатени побарувања до содветните сектори, -извештаи за превзени обврски кон добавувачи во земјата и странство, - пресметка на камати, денарски и | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | девизни трансакции, -даночни пријави за ддв, - месечни даночни биланси, -сметководствени активности и усогласување на сметководствената состојба со финансиската состојба, -извештаи до Државен завод за статистика, - финансиска евиденција на верна картичките за моторен бензин, - евидентирање на надминат лимит од користење на службен мобилен телефон, -предлози за спроведување на постаки пред нотар за наплата на побарувањата од купувачите -контрола на трансакциите со деловните платежни картички, контрола | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | на сметките Мастер, Виза, Динерс<br>- финансиска евиденција на надоместоците за универзална услуга, водење на посебно сметководство | |
| 7 | Финансиската реализација на договорите по јавни набавки | Q1-Q4 | | Контрола на обврските кон добавувачите согласно:<br>- финансиска понуда,<br>-вредноста на договорите,<br>- рок на важност на реализација на договорите,<br>-рок на важност на банкарска гаранција,<br>-контрола на начинот и рокот на плаќање | |
| 8 | Буџетирање на АЕК | Q1-Q4 | | Следење на финансискиот план на АЕК за 2026 од аспект на реализација, резервација на сите финансиски активности | Буџетирање на АЕК |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9 | Контролинг на Годишниот финансиски план на АЕК | 1-4 квартал | | Годишен финансиски план 2026 | |

## ПРАВНИ РАБОТИ

Во 2026, согласно законските надлежности, АЕК ќе ги извршува следниве активности:

| | Предвидено | Период | Образложение |
|---|---|---|---|
| 1. | Работа на Комисија за одлучување по прекршоци | Q1-Q4 | Формирана е Комисија за одлучување по прекршок која континуирано работи прекршочни предмети кои согласно ЗЕК се во нејзина надлежност, иницирани од стручните лица кои вршат надзор во АЕК |
| 2. | Решавање на спорови помеѓу оператори и оператори и правни лица кои управуваат со физичка инфраструктура | Q1-Q4 | Вработените во Секторот за правни работи ја спроведуваат постапката за решавање на управни спорови помеѓу оператори, и оператори и правни лица кои управуваат со физичка инфраструктура, на нивно барање за решавање на спор |
| 3. | Спроведување на постапка за посредување | Q1-Q4 | Согласно ЗЕК, АЕК има обврска на страните во спорот да им предложи постапка за посредување со цел истите меѓусебно да се договорат со склучување на спогодба |
| 4. | Застапување на АЕК пред судските органи во прекршочна постапка, постапка за наплата на долг, кривична постапка, итн. | Q1-Q4 | Вработените во Секторот за правни работи ја застапуваат АЕК во прекршочна постапка, постапка за наплата на долг, кривична постапка и други постапки пред судските и други надлежни органи |
| 5. | Спроведување на постапка за порамнување | Q1-Q4 | За одредени прекршоци утврдени во ЗЕК, АЕК спроведува постапка за порамнување пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка, на предлог на лицата овластено за вршење на надзор во АЕК |
| 6. | Водење и следење на Управни судски постапки | Q1-Q4 | Согласно Законот за управна постапка, Законот за управни спорови а во врска со ЗЕК, засегнатите страни имаат право на тужба против Решенијата на АЕК и Решенијата на Комисијата за одлучување по прекршоци поради што се започнува судска управна постапка пред Управниот Суд на Република Македонија. Вработените во Секторот за правни работи ја водат и следат оваа постапка се до нејзино конечно завршување и тоа пред Управиот суд на РМ и Вишиот управен суд во РМ |
| 7. | Водење на постапки за наплата на долг пред Извршител и Нотар | Q1-Q4 | Подготовка на акти за наплата на долг по предлог на Секторот за финансии и континуирано водење и следење на постапката за наплата на долг пред извршител и нотар |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | Учество во постапките за донесување и измени и дополнување на подзаконски акти кои произлегуваат од ЗЕК | Q1-Q4 | Континуирано следење и ревизија на донесените подзаконски акти и нивно усогласување со новиот ЗЕК, кој стапува во сила на 01.06.2026 |
| 9. | Утврдување и наплата на годишен надомесок за надзор на пазарот | Q1-Q4 | Согласно ЗЕК операторите се должни на АЕК да и платат надоместок за надзор на пазарот, за што вработените во Секторот за правни работи изготвуваат Решенија по предлог на Секторот за регулатива и Секторот за финансии |
| 10. | Подготовка на решенија за наплата на средствата во Компензацискиот Фонд за универзална услуга | Q1-Q4 | Согласно ЗЕК операторите се должни на АЕК да и платат средства во Компензацискиот Фонд за универзална услуга. Вработените во Секторот за правни работи изготвуваат Решенија на предлог на Секторот за регулатива и Секторот за финансии |
| 11. | Постапување по Извештаи од извршен стручен надзор со предлог мерки | Q1-Q4 | Вработените во Правниот сектор постапуваат по предложените предлог мери согласно Извештаите од извршен стручен надзор.Подготвуваат предупредувачки известувања, решенија и прекршочни пријави против предложените прекршители на ЗЕК и подзаконските акти |
| 12. | Укажувач | Q1-Q4 | Лицето овластено од Директорот (укажувач) ги превзема сите активности потребни согласно Законот за укажувачи |
| 13. | Административно-техничка поддршка на Комисијата на АЕК | Q1-Q4 | Подготовка на акти и други документи кои произлегуваат од работата на Комисијата на АЕК |

## MKD-CIRT

Активностите на Националниот ценатар за одговор на копјутерски инциденти се предвидени согласно одредбите од ЗЕК и се наведени во Годишната програма за работа која ја донесуваат Директорот на АЕК во соработка со Министерот надлежен за работите од областа на електронските комуникации и истата се доставува на усвојување од страна на Владата.

Главни цели на MKD-CIRT во 2026 се понатамошно зајакнување на националните капацитети за справување со сајбер-инциденти, поддршка на имплементацијата на новиот Закон за безбедност на мрежни и информациски системи (ЗМИС), унапредување на координацијата со институциите и критичната инфраструктура, како и зголемување на свеста и техничките компетенции на јавниот и приватниот сектор во областа на сајбер-безбедноста.

Во 20226 MKD-CIRT ќе продолжи со редовните активности за оперативен одговор на компјутерски инциденти, кои вклучуваат примање и обработка на пријави, анализа на ризици, идентификација на напади и ранливости, како и водење евиденција и

изготвување извештаи за регистрираните инциденти. Центарот ќе постапува по пријавите на субјектите во негова надлежност, ќе врши техничка анализа и ќе обезбедува насоки за отстранување на последиците од инцидентите и обновување на системите. Во рамките на новите обврски предвидени со Закон, MKD-CIRT ќе ја координира постапката за координирано откривање на ранливости кај ИКТ-производи и услуги. Центарот ќе делува како посредник помеѓу пријавувачите на ранливости и производителите, обезбедувајќи техничка и организациска поддршка, како и заштита на анонимноста на пријавувачите, кога тоа е потребно. MKD-CIRT ќе подготвува упатства, протоколи и технички правила за проценка на безбедноста на мрежните и информациските системи на субјектите во негова надлежност, со цел изедначување на безбедносните стандарди и практики во согласност со европската регулатива и ISO-стандардите. Центарот ќе издава предупредувања, соопштенија и информации за ризици, закани, ранливости и инциденти, со цел навремено информирање на јавните институции, операторите на критична инфраструктура и пошироката јавност за тековни или потенцијални сајбер-закани. Во 2026 MKD-CIRT ќе продолжи да ја унапредува меѓусекторската и меѓународната соработка, преку координација со Министерството за дигитална трансформација, другите надлежни органи, како и со ENISA, CSIRT-мрежата на ЕУ и НАТО-структурите. Особен акцент ќе се стави на заедничките активности за одговор на инциденти со голем опфат и прекуграничен карактер. Покрај техничките задачи, MKD-CIRT ќе има активна улога во едукацијата и подигнувањето на јавната свест за сајбер-безбедноста. Во соработка со Министерството и други институции ќе се спроведуваат национални и секторски обуки, вежби и кампањи за промовирање на сајбер-хигиената и правилно постапување при инциденти. Центарот ќе ја поддржува активната сајбер-заштита преку развивање и промовирање на превентивни мерки за следење, откривање и спречување на закани во реално време, како и преку изработка на анализи и препораки до институциите во системот. MKD-CIRT, во рамките на своите законски надлежности, ќе спроведува надзор над суштинските и важните субјекти во однос на исполнување на обврските утврдени со ЗМИС. Надзорот ќе се спроведува преку редовни и вонредни проверки на техничките и организациските мерки за сајбер-безбедност, усогласеност со прописите и стандардите, како и преку анализа на извештаите и пријавените инциденти од субјектите во надлежност на АЕК.

Во текот на 2026 се очекува воспоставување на целосно функционален систем за управување со инциденти со достапност 24/7, развој на национална платформа за

пријавување и управување со ранливости, подготовка на годишен извештај за состојбите во сајбер-безбедноста и зголемување на бројот на обучени институции и лица што применуваат стандардизирани безбедносни процедури. Дополнително, преку редовниот надзор ќе се унапреди усогласеноста на субјектите со законските барања и ќе се зголеми нивото на национална сајбер-отпорност.

## ПОДДРШКА НА АКТИВНОСТИТЕ НА АЕК

Контролата на употреба на деловните и технолошки простории сопственост или изнајмени од страна на АЕК, односно одговорностите, правата и обврските на сите корисници на простор, обезбедувајќи ефективна и ефикасна контролна на функционирањето на недвижностите на АЕК и овозможувајќи соодветни услови за работа на сите вработени во АЕК, го спроведува службата за логистика.

Во 2026 се планирани тековни и инвестициски вложувања во објекти на АЕК, одржување на функционалноста на објектите и опремата на АЕК, обезбедување на континуирана работа и безбедност на опремата и унапредување на контролата на техничките системи во сите објекти заради нивна заштита, заштеда на енергија и завршување со изградба на Антенскиот систем за контрола и мониторинг на радиофреквенции на територијата на Република Македонија. Во оваа служба спаѓаат и регистрација, експлоатација и одржување на возниот парк, осигурување и обезбедување на имотот на АЕК. Во текот на 2026 се планира да се изработи нови процедура, Воведување на стандардите за безбедност и здравје при работа и стандардот за животна средина и истата да се имплементират.

| Работни задачи | Работни активности | Временска рамка | Цели |
|---|---|---|---|
| Тековно и превентивно одржување на објектите и опремата на АЕК | • Реализација на склучени договори за одржување на објектите и опремата;<br>• Контрола на дадената услуга од страна на договорните органи;<br>• Анализа за подобрување | Q1-Q4 | • Одржување на функционалноста на објектите и опремата на АЕК;<br>• Идентификација на ризични области и определување мерки за нивно отстранување;<br>• Заштита на објектите и опремата;<br>• Усогласеност со законски регулативи |
| Иницирање на постапки за јавни набавки за | • Изработка на технички спецификации; | Q1-Q4 | • Подобрување на изработката на техничките спецификации |

| | | | |
|---|---|---|---|
| потребите на АЕК и секторот | • Евалуација на понуди;<br>• Реализација на Договорите од финансиски, квалитативен и квантитативен аспект; | | • Следење на Договорите<br>• Следење на потребите на АЕК и дефинирање на истите<br>• Заштита на објектите и опремата |
| Изработка на планови, програми и извештаи за СЛ | • Квартални извештаи за работата во СПАА;<br>• Годишен Финансиски план за СПАА;<br>• Годишен план за јавни набавки за СПАА;<br>• Годишна програма за работата на СПАА | Q1-Q4 | |
| Архивско работење | • Тековни активности; | Q1-Q4 | • Усогласеност со законски регулативи |
| | • Изработка на План за архивски знаци и достава до Државен Архив | Q4 | |
| Антенски систем за контрола и мониторинг на радиофреквенции на територија на РМ- употребна дозвола за работа | • Реализација на тековен Договор | Q1-Q4 | • Контрола и мониторинг на радиофреквенции на територија на РМ |

## ЈАВНИ НАБАВКИ

Во текот на 2026 Одделението за јавни набавки своите активности ќе ги спроведува согласно следнава табела:

| Р.бр | Предвидени работни активности | Период |
|---|---|---|
| 1. | Подготвува интерните акти/процедури за јавни набавки, доследна и професионална примена на ИСО Процедурата за јавни набавки | Q1-Q4 |
| 2. | Ги координира потребите за јавни набавки и го подготвува годишниот план за јавни набавки | Q1 |
| 3. | Го контролира извршувањето на годишниот план за јавни набавки | Q1-Q4 |
| 4. | Изготвува квартални и годишни извештаи за реализација на годишниот план за јавни набавки, | Q1-Q4 |
| 5. | Организира и координира соработката со другите организациони единици на АЕК заради спроведување на постапките за јавни набавки и проверка на технички спецификации | Q1-Q4 |
| 6. | Барање согласности до Комисија, надлежен орган на АЕК за отпочнување на постапки за јавни набавки | Q1-Q4 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Изготвува одлуки за јавни набавки, организира претходни проверки на пазарот-технички дијалог со економските оператори, тендерски документации, записници од технички дијалог и записници од јавни отворања на понуди | Q1-Q4 |
| 8. | Учествува во сите комисии за јавни набавки | Q1-Q4 |
| 9. | Барање согласности од Бирото за јавни набавки за спроведување на постапка за јавна набавка со преговарање без објавување на оглас | Q1-Q4 |
| 10. | Бара толкување, мислење од Бирото за јавни набавки за одредени дилеми што се појавуваат во текот на спроведување на одредни постапки на јавни набавки | Q1-Q4 |
| 11. | Објавување на огласи на Електронскиот систем за јавни набавки воедно и огласи на Службеното гласило на Европската Унија -ТЕД | Q1-Q4 |
| 12. | Одговара на прашања и појаснувања на тендерската документација, во соработка со надлежните сектори ја утврдува спосбноста на економските оператори | Q1-Q4 |
| 13. | Врши јавно отворање на понудите, врши евалуација на понудите, ја проверува комплетноста и валидноста на соодветните документи, финансиските понуди и други финансиски услови утврдени во тендерската документација, проверува аритметичка грешка, задолжително барање за дополнување и појаснување на документите, барање образложение за невобичаено ниска цена | Q1-Q4 |
| 14. | Утврдува прифатливи/неприфатливи понуди, ги образложува причините за нерифатливост на понудите, предлага најповолна понуда или поништување на постапката | Q1-Q4 |
| 15. | Подготвува извештаи од спроведени постапки | Q1-Q4 |
| 16. | Ги подготвува сите потребни акти врз основа на извештајот од спроведена постапка | Q1-Q4 |
| 17. | Изготвува договори за јавни набавки, врши контрола на банкарските гаранции | Q1-Q4 |
| 18. | Ги ажурира сите податоци кои согласно со Законот за јавни набавки се доставуваат на Електронскиот систем за јавни набавки | Q1-Q4 |
| 19. | Изготвува одговор по жалба до Државна Комисија за жалби по јавни набавки | Q1-Q4 |
| 20. | Објавува негативна референца во ЕСЈН | Q1-Q4 |

## ЗАКЛУЧОК

АЕК и во текот на 2026 ќе се стреми да ги исполни регулаторите цели и начела на ЗЕК, а особено преку регулација на следната генерација на пристапни мрежи, поголема заштита на правата на корисниците и секако на крајните корисници со инвалидитет и посебни социјални потреби и зајакнување на стручниот надзор над операторите од аспект на почитување на законската и подзаконската легислатива.

Во наредната година АЕК планира да заврши со изградбата на Антенскиот систем за контрола и мониторинг на радиофреквенции на територијата на Македонија што е повеќегодишен проект на АЕК и е од огромно стратешко значење за Македонија.

Исто така, имајќи предвид дека на 04/07/2025 е донесен новиот ЗЕК кој е целосно хармонизиран со Европскиот електронски комуникациски код и со Законикот за гигабитна инфраструктура на ЕУ, во 2026 АЕК ќе треба да ја донесе целата подзаконска регулатива која произлегува од новиот ЗЕК.

Големиот број на активности кои се предвидуваат во 2026 создаваат предуслов за создавање на заокружена регулаторна рамка на пазарот на електронски комуникации со цел подобрување на конкурентната околина на пазарот за електронски комуникации во Македонија.

Бр. 1102-53/3

Скопје, 09.12.2025

Комисија на Агенцијата за електронски комуникации

Претседател

Проф. д-р Орце Симов